# ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ

Регулативата за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот ги опфаќа Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/12, 50/13 и 71/14) и Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/12, 65/12 и 109/12).

## Инструменти за кредитна заштита

1. Дали полисите за осигурување коишто ги издава „Македонска банка за поддршка на развојот" АД Скопје, може да се користат како инструмент за кредитна заштита при утврдувањето на активата пондерирана според кредитниот ризик?

**Одговор:** Полисите за осигурување коишто ги издава „Македонска банка за поддршка на развојот" АД Скопје, не може да се користат како инструмент за кредитна заштита при утврдувањето на активата пондерирана според кредитниот ризик.